ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1203 – 200/8**

**Дата: 18.12.2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Аеродром за 2008 година, кои се прикажани на страните 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Аеродром за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Аеродром за 2006 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи даденото мислење е негативно.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Кирил Тодоровски – градоначалник на општина Аеродром во периодот од 01.01.2008 до 11.04.2008 и од 10.10.2008 до изборите во март 2009, и

- Проф. д-р Југослав Зибероски – заменик - градоначалник на општина Аеродром во периодот од 07.05.2008 до 09.10.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 21.05. до 19.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 16.11.2009 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Аеродром за средствата на сметката на Буџетот, под број 08 – 9247/1 од 16.11.2009 година, од Градоначалникот на општина Аеродром. Истите се разгледани при што е одлучено следното :

- забелешките кои се однесуваат во наодите од точките 10.2.1. и 10.4. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите немаат карактер на забелешки туку известување за мерки кои се преземаат за надминување на овие состојби.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

### 11.1.1. Процес на буџетирање

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин што обезбедуваат навремено донесување на Буџетот на општина Аеродром. Ова се должи на следното:

- Постои разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на буџетирање;
- Усвоен е буџетски календар со кој се утврдени роковите во кои:
  - градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови;
  - општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот, и

  - градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината.
- Дефинирани се носителите на конкретната активност, и
- Се почитуваат роковите во буџетскиот календар при реализација на конкретна активност.

Кај овој процес ревизијата утврди ризик од нереално буџетирање, причините за овие ризици се должат на фактот што при утврдување на приходите не се тргнува од реалните можности и капацитети на субјектите во општината и историските податоци, како и не се следи остварувањето на приходите и не се постапува согласно Законот за буџетите. Ваквото постапување придонело приходите да се остварени со 45% во однос на планираниот износ, а расходите со 31%.

**Препорака:**
При изготвување на буџетот при планирање на приходите секогаш да се тргнува од реалните можности и историските податоци со кои располага општината.

**11.1.2. Процесот на утврдување и наплата на приходите од комунална такса за користење простор пред деловни простории**

Даночните приходи што општините во Градот Скопје ги остваруваат, се утврдуваат од страна на администрацијата на Град Скопје. Единствени изворни приходи за чие администрирање е надлежна администрацијата на општина Аеродром е утврдувањето и наплатата на приходите од комунална такса за користење простор пред деловни простории за вршење дејност.
Службите на општина Аеродром не водат евиденција на угостители кои вршат дејност на нејзина територијата што не е во согласност со Законот за угостителска дејност.
Со извештајот од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година беа истакнати ризиците во интерните контроли бидејќи не постојат пишани процедури и не е извршено разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на овие приходи, за што беа дадени препораки за нивно надминување.
Од страна на службите не се преземени мерки за надминување на слабостите, во 2008 година не се издадени опомени за ненаплатените такси. Сето ова придонело да ненаплатените побарувања во 2008 година се зголемени за 74% во однос на 2007 година.

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што во јуни 2009 година градоначалниците на Градот Скопје и општините во Градот пристапија кон склучување на поединечни договори со цел утврдувањето и наплата на овие приходи целосно да го преземе администрацијата на Град Скопје.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Остварени се приходи во износ од 120 илјади денари од донации за што давателите и примателот на донацијата, општина Аеродром, немаат склучено договор во писмена форма. Општина Аеродром нема изготвено извештај за добиените донации. Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и има за ефект нетранспарентност во добивањето и користењето на средствата кои општината ги добива како донации.

**Препорака:**
За средствата кои општина Аеродром ги добива како донации или спонзорства, да се дефинираат правата и обврските на донаторите и примателот на донацијата.

11.2.2. Со спроведениот попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата, старосната структура на побарувањата и дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата. Не целосното

спроведување на пописот на побарувањата е резултат на немање акт за спроведување на пописот и не постапување согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на постапување придонесува за нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Пописот на побарувањата да биде во функција на утврдување на нивната правна основа, уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

**11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Општина Аеродром во Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 538,998 иљади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 241,304 иљади денари, расходи 169,565 иљади денари, и е остварен вишок на приходи во износ од 71,739 иљади денари. Приходите се остварени со 45% во однос на планираниот износ, а расходите со 31%. Најголемо не усогласување има во делот на приходите од надомест за уредување на градежно земјиште за што се планирани 319,663 иљади денари, а се реализирани само 34,257 иљади денари, односно 11%.
Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот, меѓутоа, во 2008 година, градоначалникот не предложил ребаланс на буџетот заради нивно усогласување.
Неусогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредните фискални години.
Високото ниво на планираните приходи и расходи во буџетот на Општината се објаснува со очекуваните инвестиции поради усвоените детални урбанистички планови.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планираните да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

**11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. За дел од искажаните побарувања во износ од 5,715 иљади денари по основ на закуп на простор за рекламирање во општинскиот весник, рушење на нелегално изградени објекти и користење простор пред деловни простории, ревизијата не се увери дека истите се реални и објективни поради следново:

- Со пописот на побарувањата не е утврдена старосната структура на побарувањата;
- За фирмите кои две години не ги платиле своите обврски, службите на општина Аеродром не обезбедиле доказ од надлежни институции (Централен регистар) дека не е поведена постапка за нивна ликвидација;
- Не се издадени опомени за неплатен долг кон фирмите кои користат простор пред деловните простории.

Од приложената документација во постапките за рушење објекти, ревизијата не можеше да се увери дека сите заклучоци за утврдениот надомест за присилно рушење се доставени до прекршителите согласно Законот за управна постапка и дека се известени за износот што треба да го платат. За дел од нив приложен е доказ за извршено доставување, но по изминувањето на сите рокови за наплата, службите не преземале мерки за присилна наплата или нивно утужување.
Ненавременото преземање на активности од страна на службите согласно законските овластувања придонесува за застарување на побарувањата, неможност за нивно утужување и намалени приходи.

**Препорака:**
Да се воспостави координација меѓу секторите кои вршат утврдување и евиденција на овие надоместоци со правниот сектор за навремено преземање мерки за наплата на побарувањата.

12. Според наше мислење, освен за наодот во точка 10.4.1. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Аеродром на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Мислењето за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на општина Аеродром.

14. Прифатени и спроведени корекции во текот на ревизијата:
Во текот на ревизијата извршени се корекции на позицијата
   - Побарувања и Пасивни временски разграничувања намалување од 2,902 илјади денари и
   - Краткорочни обврски спрема домашни правни субјекти и Активни временски разграничувања, намалување од 2,922 илјади денари

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2006 година, за сметката на Буџетот на општина Аеродром, ревизијата констатира дека преземени се мерки согласно важечката законска регулатива и е постапено по препораките на ревизијата во однос на:
- назначен е одговорен сметководител од јули 2008 година;
- утврдени се цените за закуп на простор за огласување во општинскиот весник за што советот има донесено Одлука;
- воведена е евиденција на побарувањата од надомест за уредување на градежно земјиште;
- се врши евидентирање на побарувањата по основ на неплатени даноци од имот и комунална такса за истакната фирма кои податоци се добиваат од администрацијата на Град Скопје.

16. Ревизијата смета за неопходно да го обелодени следново:

Пет години по формирањето на општина Аеродром како посебна единица на локална самоуправа произлезена од општина Кисела Вода, во јуни оваа година од страна на градоначалниците склучен е Протокол за делбен биланс со утврдување на последната имотна и финансиска состојба по донесување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија а со датум на поделба на Општина Кисела Вода и Општина Аеродром од 12.04.2005 година.

Предмет на овој Протокол е распределба на побарувањата и обврските, документацијата и архивата.

Недвижниот имот наведен во решението за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кисела Вода од 2000 година не е предмет на поделба од причина што истиот е утврден од страна на Комисијата за спроведување на делбен биланс формирана со одлука на Влада во мај 2005 година.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Аеродром за годината која завршува со 31 декември 2008 година.
Конечната реализација на делбениот биланс може да се одрази врз финансиското работење на Општината во наредните години.

Скопје 11.12. 2009 година — Овластен Државен Ревизор

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3,1 | 140.100 | 106.300 |
| Неданочни приходи | 3,2 | 1.118 | 4.834 |
| Капитални приходи | 3.3. | 128 | 46 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 99.958 | 55.804 |
| **Вкупно приходи** | | **241.304** | **166.984** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 30.222 | 18.226 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 90 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 61.766 | 38.969 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 4.377 | 385 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **96.455** | **57.580** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 73.110 | 30.389 |
| **Вкупно расходи** | | **169.565** | **87.969** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **71.739** | **79.015** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 71.739 | 79.015 |
| Побарувања | 4.1.2. | 37.734 | 4.705 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 495 | 16 |
| **Вкупно тековни средства** | | **109.968** | **83.736** |
| **Вкупна актива** | | **109.968** | **83.736** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.2.1. | 495 | 16 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 109.473 | 83.720 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **109.968** | **83.736** |
| **Вкупна пасива** | | **109.968** | **83.736** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-52/2**

**Дата:04.02.2010**

Врз основа на член 23 став 6,7 и 8 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Аеродром (во понатамошниот текст Општината) за 2008 година, на сметката на Буџетот, заведен под број 12 – 52/1, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

По поднесен приговор на Конечен извештај

1. Приговорот поднесен на **точките 11.2.1. и 11.4.1.,** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Аеродром сметка на Буџетот, **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Аеродром за 2008 година на сметката на Буџетот, поднесен е приговор заведен под број 12-52/1 од 18.01.2010 година. Со поднесениот приговор се доставени дополнителни докази со кои не може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, поради што Овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за не прифаќање на приговорот:

**1.** Упатениот приговор на **точката 11.2.1.,** кој се однесува дека за дадените донации не се склучувани договори помеѓу Општината и донаторот, **не се прифаќа.** Причината за не прифаќање е поради фактот дека не се работи за приговор туку за известување дека во 2009 година со новиот градоначалник оваа состојба е надмината.

**2.** Што се однесува до приговорот на **точка 11.4.1.,** кој се однесува за не преземање мерки за наплата на побарувањата, **не се прифаќа.** Ова од причина што истиот нема карактер на приговор туку известување дека во општина Аеродром е имплементиран системот за управување со квалитет ИСО 9001 : 2008, каде јасно

се дефинирани пишани процедури во кои е опфатена координација помеѓу секторите за непречено функционирање на работењето на општината.

**Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**